Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

ФРОНТ 21|42



# АНАЛИЗА НА ПРАВОСИЛНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Финансирано од Европска Унија
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS
МЗМП
ФРОНТ 21|42

АНАЛИЗА НА ПРАВОСИЛНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ИЗДАВАЧ:
ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
ЛИДИЈА СТОЈКОВА ЗАФИРОВСКА

УРЕДЕНИЦИ:
М-Р НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ
М-Р САРА МАРКОВСКА

АВТОРИ:
ИВАНА ПЕТКОВСКА
АЛЕКСАНДАР ГОЏО

Скопје, декември 2025

ПРОЕКТ: „ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЗЕЛЕНА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН"

ИМПЛЕМЕНТАТОРИ: ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ, МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ И ФРОНТ 21/42

Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Добро владеење во животна средина на Зелена агенда за западен балкан" финански подржан од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

## СОДРЖИНА


*Вовед* ... *2*

*Предизвици во гонењето и докажувањето на ваквите кривични дела* ... *4*

**Фрагментација во делот на откривање на вакви дела** ... **4**

**Предизвици со ресурсите и експертизите/вештачењата** ... **4**

**Праг на докажување односоно товар на докажување** ... **4**

**Предизвици поврзани со правните лица како сторители** ... **4**

*Анализирање на добиените податоци и информации* ... *5*

**Квантитативна анализа** ... **5**

**Квалитативна анализа** ... **5**

*Критериуми за избор на случај* ... *5*

*Анализирани случаи од Судовите во Република Северна Македонија* ... *8*

*К-118/21 – Основен суд Штип* ... *8*

*К-329/23 – Основен суд Струмица* ... *9*

*К-571/23– Основен кривичен суд Скопје* ... *11*

*К-331/22– Основен суд Кочани* ... *12*

*К-1652/22– Основен кривичен суд Скопје* ... *14*

*К-144/23– Основен кривичен суд Скопје* ... *15*

*К-142/22– Основен суд Струмица* ... *16*

*К-285/22– Основен суд Струмица* ... *17*

*Анализа на мониторираните случаи и трендови* ... *19*

***Вид на обвинение*** ... **19**

***Сторител( физичко лице, правно лице, полнолетен, малолетен(дете)*** ... **20**

***Признание на вина или целосно спроведена постапка согласно ЗКП*** ... **20**

***Предходна осудуваност*** ... **21**

## *Вовед*

Водејќи се по методологијата за следење на судски предмети од областа на животната средина и анализата која што беше изготвена минатата година, оваа година повторно се направи детална анализа на 8 предмети избрани по случаен избор за кривичните дела од главата КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА во кои спаѓаат:

- Загадување на животната средина и природата по член 218
- Производство, трговија или употреба на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка по член 218-а
- Екоцид по член 218-б
- Загадување вода за пиење по член 219
- Производство на штетни средства за лекување добиток или живина по член 220
- Несовесно укажување ветеринарна помош по член 221
- Пренесување заразни болести кај животниот и растителниот свет по член 222
- Загадување на добиточна храна или вода по член 223
- Уништување насади со употреба на штетна материја по член 224
- Узурпација на недвижности по член 225
- Незаконита експлоатација на минерални суровини по член 225-а
- Промена на воден режим по член 225-б
- Пустошење на шума по член 226
- Предизвикување шумски пожар по член 227
- Незаконит лов по член 228
- Неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици по член 228-а
- Незаконит риболов по член 229
- Загрозување на животната средина и природата со отпад по член 230
- Неовластено прибавување и располагање со нуклеарни материи по член 231
- Недозволено работење на постројки по член 231-а
- Загрозување на околината со бучава, вибрации или нејонизирачко по зрачење по член 231-б
- Неовластено производство, постапување и промет со опасни материи, штетни организми, семенски материјал или саден материјал по член 232

- Убивање или уништување на заштитени видови на дива флора или фауна по член 232-а
- Неовластено воведување на диви видови во природата по член 232-б
- Неовластено тргување, увезување или превезување дива флора или фауна по член 232-в
- Убивање и мачење животни по член 233
- Уништување на живеалиште по член 233-а
- Тешки дела против животната средина и природата по член 234

Иако во 2023 година беа направени измени на Кривичниот законик со кои се предвидуваат нови кривични дела од областа на животната средина, а најзначајното е новото кривично дело – Екоцид сепак податоците говорат дека досега ниту еден таков судски случај не се нашол во судовите. Па така според статистиката на 25 основни судови[1], најзастапено кривично дело е Узурпација на недвижности, додека најмалку застапена се тешките дела против животната средина и загадувањето на животната средина.

Со цел методологијата да продуцира поточни резултати, земени се податоците од судовите каде што веќе се поднесени соодветни обвинителни акти или обвинителни предлози во тековните години.

[1] Податоците се добиени со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## *Предизвици во гонењето и докажувањето на ваквите кривични дела*

Бројот на истраги и пресуди во врска со сторени кривични дела во областа на животната средина останува низок во споредба со другите области на криминал. Главните предизвици во гонењето и докажувањето вклучуваат:

- *Фрагментација во делот на откривање на вакви дела*

Откривањето на ваквите казнени дела во голем дел е фрагментирано на повеќе органи. Локални самоуправи, локални и државни инспекторати, полиција, Јавно обвинителство, кои понекогаш се преклопуваат во надлежностите, иако крајниот збор по однос на казненото гонење го има обвинителството согласно принципот на легалитет во гонењето.

- *Предизвици со ресурсите и експертизите/вештачењата*

Ограните на откривање и гонење (полиција, инспекторати, ЈО) честопати немаат специјализирана техничка обука, персонал и средства потребни за изградба на сложени случаи поврзани со животната средина.

- *Праг на докажување односоно товар на докажување*

Докажувањето особено во кривичната материја подразбира докажување вон разумно сомнение  (двоумење). Тоа го подигнува прагот од традиционалниот во другите области товар на докажување со препондерација на доказите. Исто така определени термини како на пример „значителна штета“ или поврзувањето на специфични дејствија со ваквиот тип на штетна постледица врз животната средина претставува основа која може лесно да се релативизира.

- *Предизвици поврзани со правните лица како сторители*

Одговорноста за правните лица некогаш не е лесно докаже, бидејќи големите компании можат да користат сложени внатрешни структури за да се дистанцираат од нелегални дејствија. Ова сепак не е случај во Република Северна Македонија, но е вредно да се нотира, особено кај сложени корпоративни структури.

# *Анализирање на добиените податоци и информации*

## *Квантитативна анализа*

- Статистички преглед: Користење на статистички алатки за да се анализираат трендовите во однос на зачестеноста, видовите и исходите на случаите со текот на времето.
- Вкрстување на Квантитативните податоци помеѓу себе.
- Анализа на трендови: Графички прикази за визуелизирање на трендовите во судските спорови за животната средина.

## *Квалитативна анализа*

*Квалитативната анализа содржи:*

- Анализа на содржина: квалитативно испитување на списите , пресудите и мислењата за да се извлечат теми и основни импликации за политиката за животна средина.
- Студии на случај: Развивање на продлабочени студии на случај за значајни случаи за да се анализираат нивните сложени аспекти и пошироките влијанија.

## *Критериуми за избор на случај*

За да се обезбеди релевантност и интегритет, критериумите за избор ќе вклучуваат:

- Надлежност: Случаи од основни судови, апелациони судови и Врховен суд
- Вид на Предмети: Кривични,
- Значење: Случаи од секаков профил и степен на загрозување, вкучително и такви кои предизвикале големи нарушувања на животната средина или природата
- Резултати: Случаи кои покажуваат јасни пресуди кои понатака влијаат на политиките за животна средина.




Имено, до сега во основните судови ја имаме следната статистика за кривичните дела од областа на животната средина за периодот од 01.01.2024 година заклучно со 30.09.2025 година. Од добиените податоци, во 25 основни судови имало вкупно 89 судски предмети за кривични дела против животната средина и природата.



Што се однесува пак до казнената политика, од податоците кои беа достапни 65 изречени санкции, само 1 е казна затвор, додека пак најголем дел од изречените осуди се алтернативна мерка-условна осуда.




Во продолжение следува детална анализа на 8 судски предмети од областа на животната средина како објект на заштита.

# Анализирани случаи од Судовите во Република Северна Македонија

## *К-118/21 – Основен суд Штип*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело - Загадување на животната средина и природата од чл. 218 ст.4 и чл. 218 ст.6 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што испушта отровни или издувни гасови, материи или јонизирачко зрачење во воздухот, водата или почвата, во најмалку двојно поголемо количество од максимално дозволеното со закон или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, ќе се казни со затвор од една година до три години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

На ден 23.06.2020 година првообвинетиот како одговорно лице управител во правното лице од небржност, кога бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетена последица но лекомислено сметал дека ке може да ја спречи или дека таа нема да настапи, можел да предизвика значително оштетување на квалитетот на водата на река Брегалница, на начин што, кога при прием во внатрешните резервоари во кругот на правното лице на течна хемикалија за индустриска употреба LITEH (S9070) – врзивно средство за завршна обработка на мрежа настапило пукање на цревото за прием кое го поврзувало ТМВ камион цистерна со внатрешните резервоари на правното лице, на прописите од безбедносниот сертификат на германската фирма Synthomer кога бил должен да превземе неопходни мерки на заштита пред да настапи штетна последици и да ја заштити животната средина при преносот на течната хемикалија, не превземал мерки за заштита кои вклучуваат собирање по пат на абсорбција со песок и други видови абсорбенти поради што дошло до истекување на течната хемикалија и големо количество на биолошки неразградливи супстани преку одовден канал (канализација) во река Брегалница кое довело до заматување на водата на реката со што можело да предизвика значително оштетување на квалитетот на водата на река Брегалница.

**Профил на сторители**

Едниот сторител е од машки пол, претходно неосудуван за други кривични дела, додека пак второобвинето е правното лице на кое управител е првообвинетиот. Станува збор за државјанин на Сојузна Република Германија.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот има бранител по сопствен избор.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа првообвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која ги огласи двајцата обвинети за виновни и ги изрече следните санкции:

- Првообвинетиот се осудува на парична казна од 100 (сто) дневни глоби во износ од 2.000,00 (две илјади) евра во денарска противвредност од 123.000,00 денари.
- На второобвинетото правно лице му се изрекува парична казна во износ од 200.000,оо (двеста илјади) денари.

## *К-329/23 – Основен суд Струмица*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Пустошење на шума од чл. 226 ст.1 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што спротивно на пропис или наредба од надлежни органи или друго правно лице врши пренамена, сече или копачи шуми или подбелува стебла или на друг начин пустоши шума или уништува едно или повеќе дрвја во парк, дрворед или на друго место каде сечата не е дозволена, а со тоа не врши друго кривично дело за кое е предвидена потешка казна, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

На ден 26.05.2023 година во утринските часови, заедно со детето во ризик Г.М. (за кој се води посебна постапка) спротивно на чл.62 од Законот за шуми, извршиле сеча на 59 млади дабови стебла на начин што од државна шума сопственост на РСМ со која стопанисува ЈП Национални пуми ПШС Б С., на планината Е м.в.“Уливо“ место каде не е дозволена сеча, обвинетот и детето отсекле 11 (единаесет) стебла со дијаметар 13 см и висина од 7 (седум) метри во количина од 0,63м3, 12 (дванаесет) стебла со дијаметар 12 см и висина 6 (шест) метри во количина од 0,50м3, 15 (петнаесет) стебла со дијаметар од 11 см и висина од 6 (шест) метри во количина од 0,53 м3, 18 (осумнаесет) стебла со дијаметар од 10 см и висина од 5 (пет) метри во количина од 0,44 м3, а 0,70 м3 дабово огревно дрво ги натовариле на запрежна кола, па околу 11,40 часот кога пристигнале полициските службеници ги затекнале на лице место.

**Профил на сторители**

Едниот сторител е од машки пол, претходно неосудуван за други кривични дела, додека пак второобвинето е дете во ризик за кое се води посебна постапка согласно Законот за правда на децата.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот нема бранител.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа првообвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече санкција:

- Првообвинетиот се осудува на алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 10 (десет) месеци, која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 (две) години не стори ново кривично дело.

Врз основа на чл.226 ст.4 од КЗ, привремено одземените предметиод Шумска полициска станица: запрежно возило, моторна пила и амут, СЕ ОДЗЕМАТ во корист на Република Северна Македонија.

## *К-571/23– Основен кривичен суд Скопје*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

На 15.02.2022 година, во нерегистриран склад за откуп и продажба на секундарни суровини, лоциран во дворното место во Скопје, неовластено тргувал со отпад, на начин што користејќи го нерегистрираниот склад, вршел откуп, складирање и продажба на разни видови на отпаден метал и други видови на отпад, без да поседува Дозвола за управување со отпад издадена од Министерство и просторно планирање на РСМ согласно чл.64 од Закон за управување со отпад.

**Профил на сторители**

Сторителот е од машки пол, претходно неосудуван за други кривични дела.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот нема бранител.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа првообвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече санкција:

- Првообвинетиот се осудува на алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 1 (една година) и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 3 (три години) сметано од денот на правосилност на пресудата не стори ново кривично дело.

## *К-331/22– Основен суд Кочани*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 и чл. 230 ст.5 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

Првообвинетиот како одговорно лице-управител на обвинетото правно лице со дејствијата што ги сторил во име и за сметка на третообвинетото правно лице ,во временскиот период од 17.09.2022 година па до 23.09.2022 година ,неовластено тргувале со отпад на КП бр.45 за КО О. на м.в. „Чифлички пат„парцела наменета за пасиште,сопственост на РСМ,додека второобвинетиот со умисла им помогнал на првообвинетиот и обвинетото правно лице со ставање средства на располагање, на начин што ,првообвинетиот во име на обвинетото правно лице склучил Договор бр.106/21 од 28.09.2021 година со со друго правно лице за продажба на отпаден материјал, по што во наведениот период во месец септември 2022 година во повеќе наврати второобвинетиот,

татко на првообвинетиот ,за потребите на обвинетото правно лице од лицето набавил комерцијален отпад од 40 хаварисани искористени возила и истите ги складирал на катастарска парцела на РСМ со намера од таму обвинетото правно лице да ги продаде како отпаден материјал, а првообвинетиот преку обвинетото правно лице му платил на наведеното лице за набавениот отпад и спротивно на чл.64 ст.1 од Законот за управување со отпадот(Сл.Весник на РСМ бр.216/2021), го дозволил складирањето на отпадот на истата парцела,иако обвинетото правно лице немало добиено дозвола за вршење дејност за управување со отпад од Управата за животна средина при Министерството за животна средина, просторно планирање,односно дозвола за вршење дејност, складирање, транспорт,третман и/или преработка на отпад.

**Профил на сторители**

Првообвинетиот е од машки пол и претходно е неосудуван за други кривични дела, додека пак второобвинетиот е исто така од машки пол претходно осудуван за кривично дело од чл.261 ст.3 вв ст.1 од КЗ со која му е изречена казна затвор во траење од 5-пет месеци за која е помилуван од Претседателот на државата.

**Одбрана-собранител**

Обвинетите немаат бранител.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа обвинетите признаа вина за делото што им се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетите за виновни и ги изрече следните санкции:

- Првообвинетиот и второобвинетиот се осудуваат на алтернативна мерка условна осуда со која им се утврдува казна затвор во траење од по 1 (една) година, која казна нема да се изврши доколку обвинетите во рок од 2 (две) години од денот на правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело.
- Обвинетото правно лице се осудува на парична казна во износ од 100.000 денари.

## *К-1652/22– Основен кривичен суд Скопје*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

Обвинетиот без да регистрира правно лице во Централниот регистар на РСМ и да на име на правното лице прибави дозвола за управување со отпад, согласно чл.64 од Законот за управување со отпад, во Скопје, складирал и неовластено вршел тргување со различен отпад од старо железо, метални производи, стари акумулатори, кој го продавал, со што неовластено вршел промет на отпадот на територијата на град Скопје.

**Профил на сторители**

Првообвинетиот е од машки пол и претходно е неосудуван за други кривични дела.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот има бранител по сопствен избор.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа обвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече санкција алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од по 1 (една) година, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 3 (три) години од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

## *К-144/23– Основен кривичен суд Скопје*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

Обвинетиот во нерегистриран склад за откуп и продажба секундарни суровини на приватен отпад на кој има отпадно железо од растурени машини и школки и автомобили, неовластено тргувал со отпад, без да е регистриран во Централниот регистар на РСМ и без да поседува дозвола за вршење на дејност, скалдирање и третман со отпад издадена од Министерство, која е должен да ја поседува согласно чл.64 од Законот за управување со отпад, што било констатирано на Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.15-71 од 15.02.2022 година од Државниот инспекторат, а со асистенција на полициски службеници од СВР Скопје.

**Профил на сторители**

Првообвинетиот е од машки пол и претходно е неосудуван за други кривични дела.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот нема бранител.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа обвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече санкција алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 3 (три) месеци, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1 (една) година од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

## *К-142/22– Основен суд Струмица*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

Во временскиот период од почетокот на 2022 година до 14.02.2022 година обвинетите заеднички како соизвршители, неовластено тргувале со отпад на начин што без да поседуваат дозвола за управување со отпад, согласно чл.64 од Законот за управување со отпад, како физички лица без да се регистрираат како трговец поединец, во Струмица, вршеле собирање, складирање, селектирање и откуп на старо железо и најразличен неопасен отпад за одредена сума пари, кој потоа го продавале на правни лица лиценцирани за откуп на секундарни суровини за повисока сума пари, со што вршеле промет на отпад на подрачјето на општина Струмица.

**Профил на сторители**

Обвинетите се од машки пол и претходно се неосудувани за други кривични дела.

**Одбрана-собранител**

Обвинетите немаат бранител.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа обвинетите призна вина за делото што им се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која ги огласи обвинетите за виновни и им изрече на секој санкција алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 8 (осум) месеци, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1 (една) година од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

## *К-285/22– Основен суд Струмица*

**Вид на постапка -Обвинителен предлог**

**Кривично дело – Загрозување на животната средина и природа со отпад од чл. 230 ст.3 од Кривичниот законик**

Ова кривично дело предвидува дека тој што со оставање, фрлање, собирање, со непрописно транспортирање на една или повеќе поврзани пратки, со преработка или отстранување на отпадот, со создавање на депонии спротивно на прописите за заштита на животната средина, пропуштање на вршење надзор над собирањето, со транспортот и преработката, со непрописно управување со отпадот, или на друг начин ќе предизвика или може да предизвика значително оштетување на квалитетот на почвата, воздухот или водата или опасност за животот или здравјето на луѓето или уништување на растителен или животински свет во поголеми размери, или на ретки видови на растенија или животни, ќе се казни со затвор од една до десет години.

**Фактичка состојба/ Инкриминирани дејствија**

Во временскиот период од почетокот на 2020 година до 15.02.2022 година, обвинетиот неовластено тргувал со отпад на начин што без да поседува дозвола за управување со отпад, согласно чл. 64 од Законот за управување со отпад и без да се регистрира како тровец, поединец – физичко лице во Централниот регистар на РСМ, во неговиот семен двор вршел собирање, складирање, селектирање и откуп на старо железохаварисани возила и најразличен неопасен отпад за одредена сума пари која потоа го продавал на правно лице лиценцирано за откуп на секундарни судровини за повисока сума пари, со

што вршел промет на отпад на подрачјето на Општина Струмица, а паричните средства од продадениот отпад му биле исплаќани на неговата трансакциона сметка и тоа за 2020 година му бил исплатен паричен износ од 1.597.644 денари, за 2021 година паричен износ од 1.8676.791 денари и за тековната 2022 година паричен износ од 960.640 денари.

**Профил на сторители**

Првообвинетиот е од машки пол и претходно е осудуван за кривично дело по член 261 од Кривичниот законик, Прикривање за кое е осуден на парична казна.

**Одбрана-собранител**

Обвинетиот има бранител по сопствен избор.

**Тек и завршување на постапката**

Во текот на главната расправа обвинетиот призна вина за делото што му се става на товар.

**Судска одлука и санкција:**

По заклучување на главната расправа судот донел пресуда со која го огласи обвинетиот за виновен и му изрече санкција алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од 6 (шест) месеци, која казна нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 (две) години од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

## *Анализа на мониторираните случаи и трендови*

Кривичните дела од областа на животната средина оперираат во интрикантен законски и регулаторен момент. Тоа значи дека секое лице кое презема дејствија кои не се во согласност со законите, е потенцијален сторител, имајќи ги во предвид релативно строгите законски и други прописи кои се на сила.

Ова особено се однесува за кривичните дела во врска со управувањето со отпад, бидејќи самото отсуство на законски предвидена дозвола во вршењето на дејноста може да претставува кривично дело, иако нема директно типична штетна последица по животната средина.

Она што е интересно да се нотира е дека сите од мониторираните случаи завршиле со признание на вина. Тоа само го потврдува она што го кажавме предходно дека строгата регулаторна рамка не дава можност за ефективно избегнување на казнената одговорност, особено ако не се исполнети формалните барања на прописите. Признанието на вина и правните последици од таквото признание со сегашниот концепт на ЗКП се покажува како ефикасен правен институт кој што значително ги забрзува постапките.

### ***Вид на обвинение***



## *Сторител( физичко лице, правно лице, полнолетен, малолетен(дете)*




## *Признание на вина или целосно спроведена постапка согласно ЗКП*



## *Предходна осудуваност*

